**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

До:

- **д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 76-в став 1 од Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија“ бр. 40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16 и 142/16) се доставува


Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги - СКОПЈЕ

Примено: 19.12.2016

| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
|---|---|---|---|
| 10 | 6541 | 1 | |


**ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА ИЗВРШЕН НАДЗОР (МОНИТОРИНГ)**

1. **Вид надзор**: Надзор над изборното медиумско претставување;

2. **Субјект на надзорот**: Трговско радиодифузно друштво КТВ ДООЕЛ Кавадарци;

3. **Период опфатен со надзорот**: од 21 ноември до 9 декември 2016 година;

4. **Датум на извршување на надзорот**: 18 декември 2016 година;

5. **Предмет на надзорот**:

- **Член 75 став 1 и став 2 од Изборниот законик**
„(1) *Радиодифузерите, односно Јавниот радиодифузен сервис, трговските радиодифузни друштва и електронските медиуми (интернет порталите) што одлучиле да ги покриваат изборите, се должни тоа да го прават на правичен, на избалансиран и на непристрасен начин во својата вкупна програма.*
*(2) Радиодифузерите, без оглед на јазикот на кој го емитуваат својот програмски сервис, се должни за време на изборната кампања на учесниците во кампањата да им овозможат подеднакви услови за пристап до сите облици на изборно медиумско претставување - вести, посебни информативни програми (интервјуа, дебати, ТВ/радио соочувања, актуелно - информативни програми, актуелно - информативни програми со документаристички пристап и тематски специјализирани информативни програми), бесплатно политичко претставување и платено политичко рекламирање.*“
- **Член 75-а став 1 точка б и став 2 од Изборниот законик**
„(1) *Радиодифузерите ќе обезбедат избалансирано покривање на изборите во сите облици на изборно медиумско претставување на следниов начин:*
*б) за избор на пратеници во Собранието на Република Македонија, во согласност со принципот на пропорционалност според бројот на потврдени листи на кандидати за пратеници;*
*(2) При утврдувањето на избалансираноста во покривањето на изборите ќе се има предвид интензитетот на активностите во рамките на кампањите на учесниците во изборна кампања.*“
- **Член 75-б од Изборниот законик**
„*Известувањето за редовните активности на државните органи, органите на општините и на градот Скопје, на државните институции и организации, како и за активностите на правни и на други лица на кои со закон им е доверено вршење јавни овластувања, во програмите на радиодифузерите и на Програмскиот сервис наменет за емитување на активностите на Собранието на Република Македонија, во периодот од денот на распишување на изборите до*

*нивното завршување не смее да биде во функција на изборно медиумско претставување на ниту еден политички субјект."*

## 6. Констатации од надзорот:

**Член 75 ставови 1 и 2; член 75-а став 1 точка б и став 2 од Изборниот законик**

***Дневно-информативни емисии***

Извештајот за програмскиот сервис на Трговско радиодифузно друштво КТВ ДООЕЛ Кавадарци, кој емитува програма на македонски јазик, на регионално ниво (Д1), се однесува на периодот на изборната кампања, од 21 ноември до 9 декември 2016 година. Во согласност со Методологијата, анализата на изборното медиумско известување во дневно-информативните емисии е направена врз деветнаесет изданија на дневно-информативната емисија, Дневник во 20 часот. Вкупната должина на анализираните прилози изнесува 5 часа 7 минути и 7 секунди.

***Табела 1 - Застапеност на субјектите во претежно информативните жанрови***

| ТВ КТВ | Траење | Процент | |
|---|---|---|---|
| **Активности на органите на власт** | | | |
| Влада на РМ | 00:07:24 | 47.90 | % |
| Други субјекти | 00:01:07 | 7.23 | % |
| Локална самоуправа | 00:03:25 | 22.11 | % |
| Коалиција ВМРО ДПМНЕ и др. | 00:01:18 | 8.41 | % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија | 00:01:00 | 6.47 | % |
| Министри/заменици од СДСМ | 00:01:13 | 7.87 | % |
| **Вкупно за тема:** | **00:15:27** | **100** | **%** |
| **Други теми поврзани со избори** | | | |
| ДИК и други органи | 00:09:53 | 45.58 | % |
| Граѓански сектор | 00:09:08 | 42.12 | % |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:00:20 | 1.54 | % |
| Коалиција за промени и правда | 00:00:20 | 1.54 | % |
| Коалиција ВМРО за Македонија | 00:00:20 | 1.54 | % |
| Коалиција СДСМ и др. | 00:00:20 | 1.54 | % |
| Коалиција ВМРО ДПМНЕ и др. | 00:00:20 | 1.54 | % |
| Други субјекти | 00:01:00 | 4.61 | % |
| **Вкупно за тема:** | **00:21:41** | **100** | **%** |
| **Активности на учесници во изборна кампања и кандидати** | | | |
| Коалиција ВМРО ДПМНЕ и др. | 02:11:05 | 48.55 | % |
| Коалиција СДСМ и др. | 01:31:56 | 34.05 | % |
| Коалиција за промени и правда | 00:12:14 | 4.53 | % |
| Левица | 00:04:48 | 1.78 | % |
| Коалиција ВМРО за Македонија | 00:29:56 | 11.09 | % |
| **Вкупно за тема:** | **04:29:59** | **100** | **%** |
| **Вкупно:** | **05:07:07** | | |

Најголем дел од прилозите во вестите се посветени на изборните кампањи на политичките партии и коалиции. Овој дел од прилозите во кои преку информативни жанрови се известуваше за кампањите на политичките партии и коалиции сочинува 4 часа 29 минути и 59 секунди (Табела 1). Тоа е сегментот од вестите од кој се извлекуваат квантитативни оценки за балансот во известувањето, во согласност со принципот на пропорционалност според бројот на потврдени листи на кандидати за пратеници, при што треба да се има предвид интензитетот на активностите во рамките на кампањите. Исто така, треба да се има предвид дека КТВ емитува програма на подрачјето на две изборни единици – ИЕ3 и ИЕ4. Во ИЕ3 се кандидираа 8 учесници во изборниот процес (Коалиција за промени и правда, Либерална партија, Левица, ДПА, Коалицијата на СДСМ, Коалицијата ВМРО за Македонија, ДУИ и Коалицијата на ВМРО ДПМНЕ), а во ИЕ4 се натпреваруваа 7 учесници (Коалиција за промени и правда, Либерална партија, Левица, Коалицијата на СДСМ, Коалицијата ВМРО за Македонија, ДУИ и Коалицијата на ВМРО ДПМНЕ).

Најмногу време во вестите е одвоено за Коалицијата предводена од ВМРО ДПМНЕ – 2 часа 11 минути и 5 секунди (48,55%), потоа за Коалицијата предводена од СДСМ - 1 час 31 минута и 56 секунди (34,05%). Коалицијата ВМРО за Македонија има 29 минути и 56 секунди (11,09%), Коалицијата за промени и правда има 12 минути и 14 секунди (4,53%), а Левица има 4 минути и 48 секунди (1,78%). Нема информации од кампањите на Либерална партија, ДПА и ДУИ.

Активностите на органите на власта проследени се во неколку прилози со вкупно времетраење од 15 минути и 27 секунди. Во овој сегмент од вестите, Владата на РМ е застапена со 7 минути и 24 секунди (47,90%) во прилозите за посетата на министерот за финансии, Кирил Миноски на Тиквешијата и во прилогот во кој Миноски го најавува проектот „Купи куќа, купи стан". Во прилогот за реконструкцијата на дел од автопатот Неготино – Демир Капија, емитувана е изјава на министерот за транспорт и врски Владо Мисајловски. Во овој прилог со изјави се појавуваат и директорот на ЈП Државни патишта, Александар Стојанов, и градоначалникот на Неготино, Ванчо Апостолов. Во прилогот „Ден на дрвото – акција за пошумување", емитувана е изјава на заменик-министерот за образование, Спиро Ристовски. Во овој прилог за акцијата за пошумување во Кавадарци, емитувана е изјава и на градоначалникот на Кавадарци, Александар Панов и на кандидатката за пратеник од Коалицијата предводена од ВМРО ДПМНЕ, Весна Пемова. Појавата на споменатите градоначалници е причината за застапеноста на локалната самоуправа во овој дел од вестите, со вкупно време од 3 минути и 25 секунди (22,11%). Категоријата министри/заменици од СДСМ е застапена со 1 минута и 13 секунди (7,87%) во прилогот во кој е емитувана изјава на министерот за внатрешни работи Оливер Спасовски за подготвеноста на македонската полиција за целосно обезбедување на изборниот процес.

Другите теми кои се поврзани со изборите, обработени преку информативни жанрови, зафаќаат 21 минута и 41 секунда од вестите (Табела 1). Од тоа најголем дел, во траење од 9 минути и 53 секунди (45,58%) се прилози во кои ДИК информира за избирачките списоци, за акредитираните набљудувачи што ќе ги следат изборите, за тоа колку лица од Кавадарци со потврда пред ДИК докажале дека не можат да излезат на избирачките места и поради здравствени проблеми ќе гласаат од своите домови и др. Граѓанскиот сектор е застапен со 9 минути и 8 секунди (42,12%), во прилозите за регистрирани изборни нерегуларности од НВО „Мост" и за активности на НВО „Ние одлучуваме", и на НВО „Цивил". Со 1 минута (4,61%) се појавува и Народниот правобранител во врска со апелот за пријавување на прекршувања на избирачкото право на граѓаните.

Со помалку од една минута во овој дел од вестите се застапени неколку политички субјекти (Коалицијата предводена од ВМРО ДПМНЕ, Коалицијата предводена од СДСМ, Коалицијата за промени и правда, Коалицијата ВМРО за Македонија и ДУИ) во прилогот за почетокот на изборната кампања и за првите предизборни митинзи.

Директните обраќања од сите прилози со информативни жанрови во вестите изнесуваат вкупно 4 часа 6 минути и 43 секунди. Од тоа, најмногу време е отстапено за Коалицијата предводена од ВМРО ДПМНЕ - 1 час 55 минути и 22 секунди (46,76%), потоа за Коалицијата предводена од СДСМ - 1 час 17 минути и 14 секунди (31,30%). Сите други субјекти во директните обраќања се со време под половина час (Табела 2).

***Табела 2 - Директни обраќања на субјектите***

| ТВ КТВ | Траење | Процент | |
|---|---|---|---|
| Коалиција ВМРО ДПМНЕ и др. | 01:55:22 | 46.76 | % |
| Коалиција СДСМ и др. | 01:17:14 | 31.30 | % |
| Коалиција за промени и правда | 00:09:47 | 3.97 | % |
| Влада на РМ | 00:06:59 | 2.83 | % |
| Левица | 00:04:00 | 1.62 | % |
| Коалиција ВМРО за Македонија | 00:26:39 | 10.80 | % |
| Локална самоуправа | 00:02:37 | 1.06 | % |
| Други субјекти | 00:00:50 | 0.34 | % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија | 00:01:17 | 0.52 | % |
| ДИК и други органи | 00:01:58 | 0.80 | % |
| | **Вкупно: 04:06:43** | **100** | **%** |

***Други програми***

На 23 ноември со почеток во 11 часот и 7 минути, емитувана е емисијата „Авто плус" во која градоначалникот на Скопје, Коце Трајановски, зборува за мерките што ги презема градот Скопје за енергетска ефикасност. Емисијата е репризирана на 7 декември, со почеток во 11 часот и 9 минути.

***Сектор за програмски работи***